Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по музичко образование за IX (деветто) одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## IX (деветто) одделение

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Музичко образование |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Година на изучување** | IX (деветто одделение) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1/36 |
| **Наставни теми на наставната програма** | • **ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ** (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење)<br>• **СЛУШАЊЕ МУЗИКА**<br>• **МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ**<br>• **НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО - Традиција и обичаи**<br><br>НАПОМЕНА: Наставниците секогаш можат да направат свој избор на песни и композиции за пеење и слушање музика користејќи ја предлог - листата дадена во наставната програма. |

## ВОВЕД

Музиката како интегрален и исклучително важен дел на човековата култура и живот зазема значајно место во воспитанието и образованието. Музичкото образование е задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение и застапен е со 2 часа од I до V одделение и 1 час од VI до IX одделение.

Целта на наставата по музичко образование е учениците да развиваат љубов кон музиката, да се запознаат со суштинските карактеристики на музиката преку личното искуство за да можат да ги разберат и доживеат музичките дела и да учествуваат во музичкиот живот во училиштето и надвор од него.

За да се оствари целта на наставата учениците ќе учествуваат во различни активности: пеење, свирење, запознавање со народното творештво, слушање музика од домашни и странски автори, како и музика од сите народи кои живеат во нашата држава. Преку запознавањето на домашната и светската музичка култура, како и народното музичко творештво на својот народ и другите народи кои живеат во нашата држава, и преку практичното музицирање учениците ќе ги збогатат своите искуства и знаења и ќе ги развијат своите музички способности. Поттикнувањето на креативноста на учениците е многу важен сегмент во наставата и затоа треба да им се овозможува да учествуваат во музичките активности во одделението и училиштето, а надарените ученици да учествуваат во училишните музички ансамбли (хор, оркестар и др.).

Наставниот предмет музичко образование има надворешна интеграција со другите наставни предмети: ликовно образование, мајчин јазик, математика и др. Значајно место треба да има и примената на ИКТ во наставата по музичко образование која овозможува на интересен и апликативен начин учениците да стекнат нови сознанија и вештини.

Во вториот развоен период музичкото образование продолжува да го остварува своето комплексно делување врз развојот на детската личност, поттикнувајќи ги емоциите и интелектуалната активност, стекнување естетски чувства и позитивни морални особини, креативност и самостојност, самодоверба и свесност за својата вредност, ослободувајќи ги учениците од стрес и напнатост.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот а мало – е2;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина на македонски јазик и јазиците на народите кои живет во нашата држава;
- да ги запознава музичко-сценските дела;
- да ги запознава карактеристиките и улогата на филмската музика;
- да ја усвојува скалата F-dur (теоретски и по слух);
- да ја усвојува скалата d-moll / природен, хармонски и мелодиски вид (теоретски и по слух)
- да пее и свири ритмички и мелодиски вежби со различни нотни вредности и паузи во рамноделни и нерамноделни 5/8, 7/8 и 9/8 такт;
- да слуша и изведува ритмичка фигура синкопа;
- да го применува нотното писмо во музичко-изведбените активности;
- да ги запознава обичаите на македонскиот народ и на народите кои живеат во нашата држава;
- да се запознава со примената на народното музичко творештво во модерни музички жанрови;
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување;
- да користи ИКТ за креативни активности, презентации, запознавање со музичката писменост и др.

| | **ТЕМА 1. ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (10 часа)**<br>(пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува за содржината на песната и дискутира за карактерот на песната;<br><br>-пее песни по слух и ноти и различни по карактер и содржина;<br><br>-применува правилна вокална интерпретација. | **Обработка на детски, уметнички, народни песни со опсег а мало - е2 по слух и со примена на нотен запис** | **Активности**<br><br>**Пеење песни по слух:**<br>**-**демонстрирање на песната од страна на наставникот;<br>-изговарање на литературниот текст и дискусија за содржината, непознати зборови, карактер и др.;<br>-распејување со неутрален слог;<br>-пеење по фрази, реченици и строфи (наставник-ученици);<br>-пеење цела песна индивидуално, во групи и сл. со уметнички израз.<br><br>**Пеење со примена на нотен запис:**<br>-читање и дискусија за литературниот текст (содржина, непознати зборови, карактер);<br>-појаснување на нотниот запис;<br>-изведување парлато (ритмичко читање на нотен текст);<br>-пеење на неутрален слог;<br>-пеење со солмизација заедно со наставникот;<br>-пеење со комбинирање на солмизацијата и неутралниот слог;<br>-пеење со текст со уметнички израз. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>**По слух:**<br>1.1.пее песна на неутрален слог<br><br>1.2.пее цела песна во група со литературен текст<br><br>1.3.пее цела песна во група, со уметнички израз<br><br>**По нотен запис:**<br>1.1.1.објаснува нотен запис (знаци за тактот, траењата на тоновите, имињата на тоновите и др.)<br>1.1.2.изведува парлато ритмичко читање на нотен текст);<br>1.1.3.пее по нотен запис со солмизација, неутрален слог и текст во одреден ритам и интонација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Примери за сите јазици:**<br><br>**„Imagine“-**J. Lennon and P. McCartni**/„Замисли“** исполнуваат Џ. Ленон и П. Макартни (по слух)<br><br>**„What a wonderful world“**–Luis Armstrong **/„Колку прекрасен свет“** исполнува Л. Армстронг (по слух)<br><br>**„Хор на селаните“** од операта **„Продадена невеста“** – Б. Сметана (по ноти)<br>- **празникот 11 Октомври (мак. јаз.)**<br><br>**Македонски песни:**<br>**-„Не стој доне Донке“ -** народна (по слух)<br>**-„На срце ми лежи, мила мамо“** (по ноти)<br><br>**Албански песни:**<br>**-„O sa gezim“/**„Колку радост“–народна (по слух)<br>https://www.youtube.com/watch?v=uyYXca1En0k<br>**-„Nënë Tereza“/**„Мајка Тереза**“** (по ноти)<br><br>**Турски песни:**<br>**-„Manastırın ortasında“**/„Среде Битола“ (по слух)<br>**-„Kelebek“ /**„Пеперутка“(по ноти) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | <u>**Ромски песни:**</u><br>**-„Alo dive romano“**/„Дојде денот Ромски“ (по слух)<br>**-„Erdelezi“/„Ѓурѓовден“** (по ноти)<br><br><u>**Српски песни:**</u><br>**-„Што се боре мисли мое“/**„За што се борат моите мисли“ **(**по слух)<br>- **„Ко удара тако позно“/**„Кој удира толку доцна“ (по ноти)<br><br><u>**Влашки песни:**</u><br>**-„Cãntic ti protlu aftumubilu“/**„Песна за првиот автомобил“ (по слух)<br>**-„Tanca a mea, Tanca a li dade“/**„Танка моја, Танка мила на мајка“ (по ноти)<br><br><u>**Босански песни:**</u><br>**-„Sumrak“ - Л.В.Бетовен** (по слух)<br>**-„Hajdmo sad veselo“/**„Ајде сега весело“ (по ноти)<br><br>**Напомена:** пред да се обработува песната (по слух или со примена на нотен запис) учениците треба да се распеат.<br>Во сите етапи на обработката на песната може да се пее колективно, индивидуално, во групи, со и без инструментална придружба.<br>За изведбените активности ученикот/ученичката се оценува | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | според покажаната активност, а не според нивото на развиеноста на слухот, пејачкиот глас и моторичките способности. | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-пее/свири вежби (различни музички целини) во F-dur и d-moll;<br><br>-пее/свири ритмички и мелодиски вежби со изучените нотни вредности и паузи во 2/4, 3/4, 4/4 такт (вклучително синкопа) и нерамноделните 5/8, 7/8 и 9/8 такт. | **Изведба на вежби од различни музички целини во F-dur и d-moll со примена на изучените нотни вредности во рамноделните тактови (вклучително синкопа) и нерамноделните 5/8, 7/8 и 9/8 такт** | **Активности**<br><br>-Пеење различни музички целини (на неутрален слог, со текст, со ноти) по слух.<br><br>-Свирење различни музички целини на детски музички инструменти по слух и ноти.<br><br>**-**Пеење и свирење на ритмички и мелодиски вежби со изучените нотни вредности и паузи во 2/4, 3/4, 4/4 такт (вклучително синкопа) и нерамноделни 5/8, и 7/8 и 9/8 такт.<br><br>-Музички игри (прашање – одговор, ехо, дополнување и сл.) | **Ученикот/ученичката**:<br><br>2.1. свири/пее мотиви и фрази во одреден ритам и интонација по слух<br><br>2.2. свири/пее вежби во одреден ритам и интонација по слух<br><br>2.3. свири/пее мотиви и фрази со примена на детски музички инструменти во одреден ритам и со одредени тонови од а мало до е2<br><br>2.4. свири/пее вежби со примена на детски музички инструменти со изучените нотни вредности и паузи во 2/4, 3/4, 4/4 такт (вклучително синкопа) и нерамноделни 5/8, 7/8 и 9/8 такт |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- употребува ритмички и мелодиски детски инструменти за свирење интервали и други елементи од музичката писменост во музички | **Музичко изразување на учениците преку изучените елементи од музичка писменост** | **Активности**<br><br>-Придружба на изучените песни со ритмички и мелодиски детски инструменти.<br>-Творење на кратки едноставни мелодии. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. свири песни на ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>3.2.запишува едноставни мелодии според зададените упатства со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | примери;<br><br>- пее песни со придружба на ритмички и мелодиски детски инструменти и решава музички ребуси, крстозбори и сл. | | -Пеење и свирење кратки едноставни мелодии со примена на интервалите: кварта, квинта, секста и септима со ритмички и мелодиски детски инструменти.<br>-Музички игри, драматизации, решавање и измислување музички ребуси, крстозбори и сл.<br>**Напомена:**<br>Во создавањето на сопствените музички целини и решавањето музички ребуси, крстозбори и сл. може да се користи ИКТ.<br>Наставните теми: Слушање музика, Музичка писменост и Народно творештво се интегрираат во Изведбени активности каде наставникот има можност да го приспособува/варира вкупниот број на часовите според афинитетите, способностите, интересот и потребите на учениците.<br>**Методи:**<br>• демонстративен;<br>• дијалошка или метод на разговор;<br>• практична работа;<br>• творечка работа. | примена на знаења од музичката писменост<br><br>3.3. пее/ свири кратки едноставни мелодии со примена на содржините од музичката писменост со ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>3.4. користи елементи од музичката писменост за решавање и измислување музички ребуси, крстозбори и сл. |

| | ТЕМА 2. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (16 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- објаснува за музичко-сценски дела;<br><br>-слуша фрагменти од музичко-сценски дела,<br><br>-знае наслови од слушаните музичко-сценски дела | **Запознавање со музичко-сценски дела**<br>**-опера**<br>**-оперета**<br>**-балет**<br>**-мјузикл**<br><br>**Фрагмент од операта:**<br>**Дует на Папагено и Папагена“** од операта „Волшебната флејта“ – В. А. Моцарт<br>https://www.youtube.com/watch?v=87UE2GC5db0<br><br>**„Хабанера“** од операта „Кармен“ – Ж. Бизет<br>https://www.youtube.com/watch?v=K2snTkaD64U<br><br>**„Арија на Фигаро“** од операта „Севилскиот берберин“ – Џ. Росини<br>https://www.youtube.com/watch?v=7qHZkkgowdY<br><br>**Фрагмент од оперетата:**<br>**„Кан-кан“** од оперетата „Орфеј во подземниот свет“ – Ж. Офенбах | **Активности**<br><br>Запознавање со музичко-сценски дела преку аудио-визуелна презентација.<br><br>Дискусија за сличностите и разликите на музичко-сценски дела.<br><br>Запознавање со карактеристиките на опера и оперета.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од опера и оперета.<br><br>Запознавање со карактеристиките на балетот.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од балетот.<br><br>Запознавање со карактеристиките на мјузикл.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од мјузикл.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање на податоци за | **Ученикот/ученичката:**<br><br>1.1. набројува музичко-сценски дела<br><br>1.2. дефинира улоги на диригент, режисер, сценограф, костимограф во музичко-сценски дела<br><br>1.3. разликува карактеристики на музичко-сценски дела<br><br>1.4. споредува фрагменти од слушаните музичко-сценски дела |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | https://www.youtube.com/watch?v=4Diu2N8TGKA<br><br>**Фрагмент од балетот:**<br>**„Жизел“** од балетот „Жизел“ – А. Адам<br>https://www.youtube.com/watch?v=3TLSrI_hXEw<br><br>**Фрагмент од мјузиклот:**<br>**„Мама миа! (Еве ме пак)“** од мјузиклот **„Мама миа!“ –** Б. Андерсон<br>https://www.youtube.com/watch?v=DUjB9LTtzGg<br><br>**Поими:**<br>- опера<br>- оперета<br>- балет<br>- мјузикл<br>- диригент<br>- режисер<br>- сценограф<br>- костимограф | музичко-сценски дела. | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- дискутира за животот и делото на композиторот;<br><br>- воочува специфики на слушаната опера (либрето-либретист; солисти; диригент во операта и др.); | **Содржинска обработка на операта од странски композитор:**<br>**„Аида“ -** Џ. Верди<br>**Триумфален марш (фрагменти со хор, оркестар на сцената и балет)**<br>https://www.youtube.com/watch?v=JXMdei-UTfw | **Активности**<br><br>Запознавање со животот и делото на Џузепе Верди и операта „Аида“ (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Обработка на кратка содржина на операта. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>2.1. именува композиторот и насловот на слушаната опера<br><br>2.2. употребува сопствени зборови за животот и делото на композиторот и за кратката содржина на слушаната опера |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - раскажува за содржината на слушаната опера. | **Арија на Радамес „Celeste Aida“** https://www.youtube.com/watch?v=XP1vp_G9mLc<br><br>**Финале – дует на Аида и Радамес** https://www.youtube.com/watch?v=Pp872-DIBQE<br><br>**Поими:**<br>-композитор (Џузепе Верди)<br>-опера „Аида“<br>-либрето - либретист<br>-арија<br>-речитатив<br>-хор во операта<br>-чин | Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на операта.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од опера (со задолжително објаснување на текстот).<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за оперите на странските композитори. | 2.3. дефинира карактеристики на слушаните фрагменти од операта<br><br>2.4. разликува улоги на композитор, либретист; солисти; хор; диригент и др. во слушаната опера |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-дискутира за животот и делото на композиторот;<br><br>-воочува специфики на слушаната опера (либрето-либретист; солисти; диригент во операта и др.);<br><br>-раскажува за содржината на слушаната опера. | **Содржинска обработка на опера од домашен композитор:**<br>**„Деспина и Мистер Докс“ -** Д. Бужаровски<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=P6mzfDcO72E (1 дел)<br>https://www.youtube.com/watch?v=oqqr4yOnHrg (2 дел)<br><br>**Поими:**<br>-композитор (Димитрије Бужаровски)<br>-опера „Деспина и Мистер Докс“ | **Активности**<br><br>Запознавање со животот и делото на Димитрије Бужаровски и операта „Деспина и Мистер Докс“ (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Обработка на кратка содржина на операта.<br><br>Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на операта.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. именува композиторот и насловот на слушаната опера<br><br>3.2. употребува сопствени зборови за животот и делото на композиторот и за кратката содржина на слушаната опера<br><br>3.3. дефинира карактеристики на слушаните фрагменти од операта<br><br>3.4. разликува улоги на композитор, либретист; солисти; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | операта (со задолжително објаснување на текстот).<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за оперите на домашните композитори. | хор; диригент и др. во слушаната опера |
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- дискутира за животот и делото на композиторот;<br><br>- воочува специфики на слушаната оперета (либрето-либретист; солисти; диригент во оперетата и др.);<br><br>- раскажува за содржината на слушаната оперета. | **Содржинска обработка на оперета: „Лилјакот“ - Ј. Штраус**<br><br>**Увертира**<br>https://www.youtube.com/watch?v=otMOXwFdxN8<br><br>**Дует на Розалинда и Ајзенштајн**<br>https://www.youtube.com/watch?v=KxWrivXswg4<br><br>**Валс**<br>https://www.youtube.com/watch?v=otMOXwFdxN8<br><br>**Арија на Адел**<br>https://www.youtube.com/watch?v=npLZNoRoH2M<br><br>**Чардаш**<br>https://www.youtube.com/watch?v=PPFNCROfRJk<br><br>**Поими:**<br>- композитор (Јохан Штраус)<br>- оперета „Лилјакот“ | **Активности**<br><br>Запознавање со животот и делото на Јохан Штраус и оперетата „Лилјакот“ (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Обработка на кратка содржина на оперетата.<br><br>Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на оперетата.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од оперетата (со задолжително објаснување на текстот).<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за оперетите. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. именува композиторот и насловот на слушаната оперета<br><br>4.2. употребува сопствени зборови за животот и делото на композиторот и за кратката содржина на слушаната оперета<br><br>4.3. дефинира карактеристики на слушаните фрагменти од оперетата<br><br>4.4. разликува улоги на композитор, либретист; солисти; хор; диригент и др. во слушаната оперета |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- дискутира за животот и делото на композиторот;<br><br>- воочува специфики на слушаната опера (либрето-либретист; балерина/балетан; кореограф; диригент во балетот;<br>- раскажува за содржината на балетот. | **Содржинска обработка на балет од странски композитор: „Лебедово езеро“ – П. И. Чајковски**<br><br>**Главна тема**<br>https://www.youtube.com/watch?v=jjDYW46PjA8<br><br>**Валс**<br>https://www.youtube.com/watch?v=e2pwKjbw6Mk<br><br>**Валс на лебедите**<br>https://www.youtube.com/watch?v=aLMPVBJv_Ts<br><br>**Соло на Одета**<br>https://www.youtube.com/watch?v=KAfPbrhGKcU<br><br>**Танц на малите лебеди**<br>https://www.youtube.com/watch?v=Xd2nTXsivHs<br><br>**Поими:**<br>- композитор (П. И. Чајковски)<br>- балет „Лебедово езеро“<br>- балерина<br>- прима балерина<br>- балетан<br>- кореограф | **Активности**<br><br>Запознавање со животот и делото на Петар Иљич Чајковски и балетот „Лебедово езеро“ (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Обработка на кратка содржина на балетот.<br><br>Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на балетот.<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од балетот<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за балетите од странски композитори. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>5.1. именува композитор и наслов на балетот<br><br>5.2. употребува сопствени зборови за животот и делото на композиторот и за кратката содржина на балетот<br><br>5.3. дефинира карактеристики на фрагментите од балетот<br><br>5.4. разликува улоги на композитор; кореограф; балерина; балетан; диригент во балетот и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава наслов од слушаниот балет и дискутира за животот и делото на домашен композитор;<br><br>-воочува специфики на балет (либрето-либретист; балерина/балетан; диригент во операта во балетот; режисер; кореограф; костимограф; корепетитор и др.) и раскажува за содржината на слушаниот балет од домашен композитор; | **Содржинска обработка на балет од домашен композитор**<br><br>**„Лабин и Дојрана“** од балетот „Лабин и Дојрана“ – Т. Прокопиев<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=J33smJpBEIY<br><br>**Поими:**<br>-композитор (Трајко Прокопиев)<br>-балет „Лабин и Дојрана“ | **Активности**<br><br>Запознавање со животот и делото на Трајко Прокопиев и балетот „Лабин и Дојрана“ (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Обработка на кратка содржина на балетот.<br><br>Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на балетот.<br>Гледање/слушање на фрагменти од балетот<br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за балетите од домашни композитори. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>6.1. именува композиторот и насловот на балетот<br><br>6.2. употребува сопствени зборови за животот и делото на композиторот и за кратката содржина на балетот<br><br>6.3. дефинира карактеристики на фрагментите од балетот<br><br>6.4. разликува улоги на композитор; кореограф; балерина; балетан; диригент во балетот и др. |
| **7.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава наслови од слушаните мјузикли<br><br>-препознава наслов од слушаниот мјузикл и објаснува за карактеристики на музичко-сценско дело - мјузикл;<br><br>-воочува специфики на мјузикл и раскажува за содржината на слушаниот мјузикл. | **Мјузикл**<br><br>**Сцена од салата за бал** од филмскиот мјузикл **„Убавицата и ѕверот“** – А. Менкен<br>https://www.youtube.com/watch?v=Z-VeQqV-KTI<br>Од филмот според истоимениот мјузикл **„Sounds of Music“ –** Р. Роџерс (Richard Rodgers):<br>**„До, ре, ми“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=drnBMAEA3AM<br>**„So Long Farewell“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=Qy9_lfjQopU | **Активности**<br><br>- Запознавање со мјузикл како музичко-сценско дело и филмски мјузикл (преку аудио-визуелна презентација).<br><br>Објаснување за специфики, карактеристики, подготовка на мјузикл**.**<br><br>Гледање/слушање на фрагменти од мјузикли.<br><br>Обработка на кратка содржина на слушаните мјузикли. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>7.1. именува наслови на слушаните мјузикли<br><br>7.2. употребува сопствени зборови за кратката содржина на слушаниот мјузикл<br><br>7.2. дефинира карактеристики на фрагментите од мјузиклите<br><br>7.4. разликува улоги на композитор; либретист; солисти; кореограф; танцувачи; диригент; режисер и др. во мјузиклот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>-мјузикл<br>-филмски мјузикл<br>-театарски мјузикл | Давање насоки и извори за самостојно барање на податоци за мјузикли. | |
| **8.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- употребува поими поврзани со филмската музика;<br><br>- слуша и разликува фрагменти од различни филмови. | **Филмска музика од домашни и странски автори**<br><br>**Главна тема** од филмот „Индијана Џонс“ – Џ. Вилијамс<br>https://www.youtube.com/watch?v=ntXJJwEk1NA<br><br>**„Море сокол пие“** од филмот „Трето полувреме“ – К. Џајковски<br>https://www.youtube.com/watch?v=OTFMdtgDtIE<br><br>**Поими:**<br>-Филмска музика | **Активности**<br><br>Запознавање со филмска музика и објаснување за нејзиниот развој<br><br>Гледање/слушање на два или повеќе фрагменти од филмска музика, различни по карактер и содржина.<br><br>Обработка на кратка содржина на текстот во филмот. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>8.1. набројува познати музички теми од филмови<br><br>8.2. објаснува општи знаења за филмска музика<br><br>8.3. проценува музички теми според карактерот (тажни, љубовни, хумористични и др.)<br><br>8.4. споредува музички фрагменти од филмска музика со фрагменти од други жанрови (сличности и разлики) |
| **9.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- употребува поими поврзани со жанровите џез и блуз;<br><br>- слуша и разликува фрагменти од џез и блуз. | **Запознавање со жанровите џез и блуз**<br><br>**Блуз:**<br>**„Се чувствувам добро“** исполнува Нина Симон<br>https://www.youtube.com/watch?v=Ff-0pHwyQ1g<br><br>**„Секој има потреба од некој“** исполнуваат Блуз Брадрс<br>https://www.youtube.com/watch | **Активности**<br><br>Запознавање со карактеристиките на жанровите џез и блуз.<br><br>-Повеќекратно слушање на карактеристични примери од жанровите џез и блуз и воочување на неговите музички карактеристики.<br><br>-Дискусија за музичките изразни | **Ученикот/ученичката:**<br><br>9.1. именува главни карактеристики на жанровите џез и блуз<br><br>9.2. објаснува за главните карактеристики на жанровите џез и блуз<br><br>9.3.прави разлика помеѓу вредностите на жанровите џез и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ?v=tUgavzoYKZI<br><br>**Џез:**<br>**„Колку убав свет“** исполнува Луис Армстронг<br>https://www.youtube.com/watch?v=A3yCcXgbKrE<br><br>**„Треска“** исполнува Пеги Ли<br>https://www.youtube.com/watch?v=JGb5IweiYG8<br><br>**Поими:**<br>-Џез музика<br>-Блуз музика | елементи во примерите за слушање (темпо, динамика, вид на изведба, карактер). | блуз<br><br>9.4 разликува жанровите џез и блуз од други жанрови |
| **10.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- употребува поими поврзани со жанровите RnB, хип-хоп и рап;<br><br>- слуша и разликува фрагменти од RnB, хип-хоп и рап. | **Запознавање со жанровите RnB, хип-хоп и рап**<br><br>**RnB**<br>**„Halo“** - Beyoncé<br>**„Ореол“** исполнува Бионсе<br>https://www.youtube.com/watch?v=bnVUHWCynig<br><br>**„Human“** - Rag'n'Bone Man<br>**„Човек“** исполнува Рег ен Боун<br>https://www.youtube.com/watch?v=L3wKzyIN1yk<br><br>**Хип-хоп и рап**<br>**„Changes“** – 2pac<br>**„Промени“** исполнува Ту пак | **Активности**<br><br>-Запознавање со карактеристиките на жанровите RnB, хип-хоп и рап.<br><br>-Повеќекратно слушање на карактеристични примери од жанровите RnB, хип-хоп и рап и воочување на неговите музички карактеристики.<br><br>-Дискусија за музичките изразни елементи во примерите за слушање (темпо, динамика, вид на изведба, карактер). | **Ученикот/ученичката:**<br><br>10.1. памти главни карактеристики на жанровите RnB, хип-хоп и рап<br><br>10.2. објаснува за жанровите RnB, хип-хоп и рап<br><br>10.3.прави разлика помеѓу вредностите на жанровите RnB, хип-хоп и рап<br><br>10.4.споредува музички фрагменти од жанровите RnB, хип-хоп и рап со фрагменти од други жанрови (сличности и разлики) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | https://www.youtube.com/watch?v=ghQiosjuaic<br><br>„**Црнила ремикс**“ (рап драма) режисер Јордан Симонов, музика Дарко Димитриевски и Павле Димковски (видео фрагмент)<br>https://www.youtube.com/watch?v=bJnGd25ZNU4<br><br>**Поими:**<br>-RnB музика<br>-Хип-хоп музика<br>-Рап музика | Разговор за познати изведувачи на RnB, Хип-хоп и рап. | |
| **11.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- употребува поими поврзани со жанровите Rock and roll и ПОП;<br><br>- слуша и разликува фрагменти од Rock and roll и ПОП. | **Запознавање со жанровите Rock and roll и ПОП**<br><br>**Rock and roll**<br>**„Love me do“** – The Beatles**/„Сакај ме“** исполнуваат Битлси<br>https://www.youtube.com/watch?...<br><br>**„Natural“**-Imagine Dragons**/„Природно“** исполнуваат Имеџн Драгонс<br>https://www.youtube.com/watch?v=0I647GU3Jsc&list=PL3oW2tjiIxvQWubWyTI8PF80gV6Kpk6Rr&index=6 | **Активности**<br><br>Запознавање со карактеристиките на жанровите Rock and roll и ПОП.<br><br>-Повеќекратно слушање на карактеристични примери од жанровите Rock and roll и ПОП и воочување на неговите музички карактеристики.<br><br>-Дискусија за музичките изразни елементи во примерите за слушање (темпо, динамика, вид на изведба, карактер).<br><br>Разговор за познати изведувачи на | **Ученикот/ученичката:**<br><br>11.1. памти главни карактеристики на жанровите Rock and roll и ПОП<br><br>11.2. објаснува за жанровите Rock and roll и ПОП<br><br>11.3. прави разлика помеѓу вредностите на жанровите Rock and roll и ПОП<br><br>11.4. споредува музички фрагменти од жанровите Rock and roll и ПОП со фрагменти од други жанрови (сличности и разлики) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПОП**<br>**„The Flood“** - Take That **/„Поплава“** исполнуваат Тејк Дет<br>https://www.youtube.com/watch?v=aCHg5r6rFoI<br><br>**„Tornado“/„Торнадо“** - група Elita 5/Елита 5<br>https://www.youtube.com/watch?v=JyBpPo0LUEw<br><br>**„New Rules“/„Нови правила“ Dua llipa**<br>https://www.youtube.com/watch?v=k2qgadSvNyU<br><br>**Поими:**<br>-Rock and roll музика<br>-Поп музика | Rock and roll и ПОП.<br><br>**Препорака:** за презентацијата на музичките примери треба да се користи аудио-видео снимки (доколку дозволуваат условите во училиштето)<br><br>**Методи:**<br>• монолошки;<br>• дијалошки;<br>• демонстративен;<br>• практична работа | |

| ТЕМА 3. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ ( 6 часа ) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- објаснува и забележува скала F-dur со нејзините елементи;<br><br>- пее/свири скала F-dur со нејзините елементи. | **Скала F-dur со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел и полустепен, предзнакот b, тетракорд)** | **Активност**<br><br>Пишување, пеење, свирење и препознавање на скалата F-dur со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел и полустепен, предзнакот b, тетракорд).<br><br>Слушање, пеење, свирење на вежби во скалата F-dur. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>1.1. набројува елементи на скалата F-dur<br><br>1.2. запишува скала F-dur со нејзините елементи<br><br>1.3. применува снижувалка (бемол), односно предзнакот b во скалата F-dur<br><br>1.4. пее/свири скала F-dur |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава и објаснува скала d-moll природен вид, хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи;<br><br>- пее/свири скала d-moll природен вид, хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи. | **Скала d-moll природен вид, хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел, полустепен и степен и пол, предзнакот b, тетракорд)** | **Активности:**<br><br>Пишување, пеење, свирење и препознавање на скалата d-moll природен вид, хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел, полустепен и степен и пол, предзнакот b, тетракорд).<br>Споредување (визуелно и по слух) на скалата d-moll природен, хармонски и мелодиски вид преку:<br>- запишување и споредување на видовите на скалата; | **Ученикот/ученичката:**<br><br>2.1. набројува елементите на скалата d-moll природен, хармонски и мелодиски вид<br><br>2.2. запишува скала d-moll природен, хармонски и мелодиски вид со нејзините елементи<br><br>2.3. демонстрира со пеење/свирење скала d-moll природен, хармонски и мелодиски вид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - слушање на звучноста на секој вид на скалата и нејзиното споредување;<br>- слушање, пеење, свирење на вежба во сите видови на мол, споредување и дискусија;<br>- препознавање на видовите на d-moll според застапеноста на повишувалка (диез), односно тонот cis и разрешувалка (бекар), односно тонот h во мелодиски вежби и песни со различни нотни вредности и паузи во рамноделните тактови и нерамноделните 5/8, 7/8 и 9/8 такт.<br><br>**Напомена:** наставникот е слободен да направи број на часови за изучување трите видови на d-moll според потребите и можностите на учениците, додека стандардите за оценување се однесуваат за сите три вида интегрирано. | 2.4. споредува d-moll природен, хармонски и мелодиски вид визуелно/по слух |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- објаснува и запишува снижувалка (бемол);<br><br>- дискутира за улогата на снижувалка (бемол) во скалите F-dur и d-moll. | **Снижувалка (бемол)** | **Активности**<br>Пишување и препознавање на снижувалка (бемол) во мелодиски вежби и песни во F-dur и d-moll со различни нотни вредности и паузи и знаците на продолжување на нотната вредност во рамноделните тактови и нерамноделните 5/8, | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1.идентификува снижувалка (бемол) визуелно<br><br>3.2.правилно пишува снижувалка (бемол) на петтолиние (на линија и во празнина) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 7/8 и 9/8 такт. | 3.3. употребува снижувалка (бемол) за градење на скалите F-dur и d-moll<br><br>3.4. разликува скала F-dur од d-moll во мелодиски вежби и песни |
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- воочува синкопа и објаснува за пренесувањето на акцентот на слаботo време (дел од времето);<br><br>- пее/свири синкопа осмина-четвртина-осмина со тактирање во мелодиски вежби. | **Синкопа** | **Активности:**<br><br>„Музичка математика“ (собирање-одземање на нотните вредности, нивното претставување преку дропки и сл.).<br><br>Изговарање на ритмички вежби со синкопата со тактирање во 2/4, 3/4, 4/4 такт.<br><br>Пеење и свирење мелодиски вежби со синкопата по слух и по ноти во 2/4, 3/4 и 4/4 такт. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. препознава синкопа<br><br>4.2. запишува синкопа<br><br>4.3. употребува синкопа во ритмички и мелодиски вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт<br><br>4.4. изведува синкопа со тактирање во ритмички вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт |
| **5.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- воочува визуелно нерамноделен 9/8-ки такт и одредува тактови делови (удари) со тактирање;<br><br>-пее/свири мелодиски вежби и песни во 9/8 такт по ноти. | **Нерамноделен 9/8 такт** | **Активности**<br>Препознавање на 9/8 такт по слух преку пеење и слушање на мелодиски вежби и песни (ора и сл.).<br><br>Воочување на различна поделба на 9/8 такт.<br><br>Објаснување на различното траење на тактовите делови. Воочување на 9-те еднакви | **Ученикот/ученичката:**<br>5.1. препознава 9/8 такт во нотни примери<br><br>5.2. дефинира за поделба на 9/8 такт<br><br>5.3.правилно ги тактира деветте осмини во 9/8 такт<br><br>5.4. изведува ритмички вежби во 9/8 такт по ноти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- скала F-dur<br>- скала d-moll природен, хармонски и мелодиски вид<br>- снижувалка (бемол)<br>- синкопа<br>- нерамноделен 9/8 такт | пулсации (преку броење, изговарање на текстот, движења – тропкања, плескања и сл.).<br><br>Запишување и појаснување на 9/8 такт.<br><br>Изведба на лесни ритмички и мелодиски вежби и песни во 9/8 такт по ноти.<br><br>**Методи:**<br>• монолошки;<br>• дијалошки или метод на разговор;<br>• демонстративен;<br>• практична работа. | |

| | ТЕМА 4. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО - Традиција и обичаи (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава обичаи на својот народ и народите кои живеат во нашата држава;<br><br>- споредува обичаи на својот народ со обичаите на народите кои живеат во нашата држава и бара песни поврзани со обичаите. | **Традиција и обичаи на својот народ и народите кои живеат во нашата држава**<br><br>**Поими:**<br>-традиција<br>-обичаи | **Активности**<br><br>Дефинирање на поимите традиција и обичаи.<br><br>Објаснување за најкарактеристичните обичаи на народите кои живеат во нашата држава.<br><br>Дискусија за песни со обредна содржина.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за традиција и обичаи. | **Ученикот/ученичката**:<br><br>1.1. набројува обичаи на својот народ и народите кои живеат во нашата држава<br><br>1.2. објаснува за обичаи на својот народ и народите кои живеат во нашата држава<br><br>1.3. демонстрира дел од песна за одреден обичај<br><br>1.4. разликува песни поврзани со обичаите на народите кои живеат во нашата држава по слух |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-именува песни поврзани со традиционална свадба;<br><br>-опишува обред на традиционална свадба на својот народ и народите кои живеат во нашата држава; | **Свадбен циклус** | **Активности**<br><br>Дефинирање на поимот свадбен циклус (традиционална свадба).<br><br>Објаснување за најкарактеристичните обичаи на свадбен циклус (традиционална свадба) на својот народ и народите кои живеат во нашата држава. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>2.1.набројува песни поврзани за традиционална свадба<br><br>2.2.објаснува за обредите на традиционална свадба на својот народ и народите кои живеат во нашата држава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -воочува песни, ора и игри поврзани со свадбен циклус. | **Поим:**<br>-свадбен циклус | Дискусија за песни, ора и игри од својот крај со содржина од свадбен циклус (традиционална свадба) на својот народ и народите кои живеат во нашата држава.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за свадбен циклус (традиционална свадба).<br><br>**Напомена:** се препорачува да се користат аудио-визуелни материјали за свадбен циклус (традиционална свадба) од својот крај. | 2.3. споредува обичаи поврзани со традиционални свадби на народите кои живеат во нашата држава<br><br>2.4. разликува песни, ора и игри поврзани со традиционална свадба |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава носии на својот народ;<br><br>- објаснува за носиите на народите кои живеат во нашата држава;<br><br>-споредува носии на народите кои живеат во нашата држава. | **Народни носии**<br><br>**Поими:**<br>-Народни носии | **Активности**<br><br>Објаснување за најкарактеристичните делови на народните носии на својот народ и на народите кои живеат во нашата држава.<br><br>Дискусија за спецификите на народните носии.<br><br>Давање насоки и извори за барање народни носии за својот народ и на народите кои живеат во нашата држава. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. наведува носии на својот народ<br><br>3.2. именува носии на народите кои живеат во нашата држава<br><br>3.3. разликува носии на народите кои живеат во нашата држава<br><br>3.4. изготвува албум на носии на својот народ и народите кои живеат во нашата држава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава обработени народни песни;<br><br>-опишува карактеристики (застапен инструмент, начин на пеење, користена технологија и др.) на обработки на народни песни;<br><br>-споредува изворна народна песна од обработена народна песна по слух. | **Народна музика во модерни музички жанрови** | **Активности**<br><br>Демонстрација на различни примери од модерна музика со народни елементи.<br><br>Дискусија за употребени народни елементи обработени во модерни песни.<br>Споредување изведби на изворна народна песна со обработка на истата песна.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за песни со народни мотиви.<br>**Методи:**<br>• монолошки;<br>• дијалошки или метод на разговор;<br>• демонстративен;<br>• практична работа. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. набројува обработени народни песни<br>4.2. дефинира карактеристики (застапен инструмент, начин на пеење, користена технологија и др.) на обработки на народни песни<br>4.3. разликува изворна народна песна од обработена народна песна по слух<br>4.4. поврзува заеднички елементи од изворна народна песна со обработена народна песна |

**ПРИЛОГ**

**ЛИСТА ЗА ПЕЕЊЕ ПЕСНИ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ**

| **Ред. број** | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
|---|---|---|
| | **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | |
| **1.** | **„Момиче мало ѓаволо“ - народна** | **„Либе ако дојдеш“ - народна** |
| **2.** | **„Пролет“- Т. Таневски** | **„Заспало моме“ - народна** |
| | **АЛБАНСКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **„Dy lule te bardha”/„Две бели цвеќиња“** | **„Gezimi“/ „Радост“ - L. V Bethowen, Simfonia IX** |
| **2.** | **„Tumankuqe” - popullore“/ „Црвенокоса“ -** народна<br>https://www.youtube.com/watch?v=QA5Hgg8QLRw | **„Pranvera“ E Stafai/„Пролет“ - Е. Стафаи** |
| | **ТУРСКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **„Manastırın Ortasında’’ /„Среде Битола“** | **„Dere Geliyor“/„Наидува поток“ 9/8** |
| **2.** | **„Yağmur yağar taş üstüne“/„Врз камен роси“** | **„Habu Diyar“/ „Родно место“** |
| | **РОМСКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **,,Alo dive romano“ / „Дојде денот Ромски“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=NNEc6f8WfKY | **„Nane tsokha“/„Нема чевли, нема кошула“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=_yer-9MCQG0 |

| | | |
|---|---|---|
| | **СРПСКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **„Певам дању, певам ноћу“/**,,Пеам преку ден, пеам ноќе’’- К.Ковач | **„Пред Сенкином куќом“/**„Пред куќата на Сенка“-староградска песна |
| | **ВЛАШКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **„Ti inatea a cuscārljei“/„За инает на сваќата“** | **„Ah, tsi nj-u dor“/ „Ах, што е оваа болка“** |
| | **БОСАНСКИ ЈАЗИК** | |
| | **ПЕСНИ ПО СЛУХ** | **ПЕСНИ ПО НОТИ** |
| **1.** | **„Blejedi mesec“** | **„Samo pjesma, samo smijeh“** |
| | **СЛУШАЊЕ МУЗИКА**<br>**МУЗИЧКО - СЦЕНСКИ ДЕЛА** | |
| **1.** | **ОПЕРА** | |
| | **-„La Dona e mobile“** /**„Жената е каприциозна“** од операта „Риголето“ - Џ. Верди<br>https://www.youtube.com/watch?v=8A3zetSuYRg | |
| | **-„Una furtiva lagrima“ / „Една таинствена солза“** од операта „Еликсир на љубовта“ - Г. Доницети<br>https://www.youtube.com/watch?v=Hrh5oiy5kR8 | |
| | **-,,На уранку’’/„В зори“** - С. Бинички<br>https://www.youtube.com/watch?v=9SD6m9ZzJo0&t=21s | |
| | **-„Хорот на Евреите“** од операта ,,Набуко“ - Џ.Верди<br>https://www.youtube.com/watch?v=2F4G5H_TTvU | |
| | **-„Deh vieni, non tardar“ / „О, дојди , не доцни“** од операта „Свадбата на Фигаро“ – В. А. Моцарт (речитатив)<br>https://www.youtube.com/watch?v=eRxKgrOOQcI | |

| | |
|---|---|
| | -**„Mrika“/„Мрика“ –** P. Jakova/П. Јакова<br>https://www.youtube.com/watch?v=r7irdE4GQ_g |
| | -**„Özsoy operası”/„Опера Озсој“** – A. A. Saygun/А. А. Сајгун, увертира/uvertür<br>https://www.youtube.com/watch?v=JPDSWe2R9dU |
| **2.** | **ОПЕРЕТА** |
| | -**„Песната на Вилја“** од „Веселата вдовица“ – Ф. Лехар<br>https://www.youtube.com/watch?v=l_e8g4LhAOA |
| | -**,,Коштана’’**- П.Коњовић<br>https://www.youtube.com/watch?v=7MDXdQoH4Zs |
| | -**„Бајадера“** - И. Калман<br>https://www.youtube.com/watch?v=jZUK6mNtFFM |
| **3.** | **БАЛЕТ** |
| | -**„Адаџо на Цезар и Клеопатра“** од балетот „Клеопатра“ – Н. Голдберг<br>https://www.youtube.com/watch?v=vRmCXwVEd34<br>-**„Halili dhe Hajria" baleti /**балет **„Халил и Хајрија“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=VSmqDFGDUR0 |
| | -**„Финале“** од балетот „Дон Кихот“ – Л. Минкус<br>https://www.youtube.com/watch?v=5fKxzQ8ARTQ |
| | -**,,Грлица’’** од балетот „Охридска легенда“ – С. Христиќ<br>https://www.youtube.com/watch?v=3GJE4_hiwTI |
| | -**„Оревокршачка“** - П. И. Чајковски |
| | -**„Охридската робинка Ташула“** – С. Стојков |
| **4.** | **МЈУЗИКЛ** |
| | -**„Do You Hear The People Sing" / „Ги слушаш ли луѓето како пеат“** од мјузиклот **„Клетници“** –К. Шонберг<br>https://www.youtube.com/watch?v=gMYNfQlf1H8 |
| | -Главна тема од мјузиклот **„Фантомот од операта“** – В. Л. Вебер<br>https://www.youtube.com/watch?v=-JaeBxYCI9k&list=PLfcG34xYVtm7QWsqXg5oSopfDKuMJnwKV&index=17 |

| | |
|---|---|
| | -„**Мама миа, Еве ме пак“** - Б. Андерсон<br>https://www.youtube.com/watch?v=DUjB9LTtzGg |
| **5.** | **Филмска музика од домашни и странски автори** |
| | **-Главна тема од филмот „Војна на Ѕвездите“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=_D0ZQPqeJkk |
| | **-Тема од филмот „Фросина“ – Т. Прокопиев**<br>https://www.youtube.com/watch?v=zlvrnr_Ww2g |
| | **-„Амелија“ од филмот „Амелија Пулен“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=VwotqWGrLCo |
| | **-Главна тема од „Војна на Ѕвездите“**<br>https://www.youtube.com/watch?v=_D0ZQPqeJkk |
| | **-Тема од филмот „Шиндлерова листа„**<br>https://www.youtube.com/watch?v=VorGotjeLjM |
| **6.** | **Жанровите џез и блуз** |
| | **-„Please Love Me“** - B.B. King<br>**„Те молам сакај ме“** исполнува Б.Б. Кинг<br>https://www.youtube.com/watch?v=q-fQd3uoPjQ |
| | **-„Take Five“** – D. Brubeck<br>**„Дај си рака“** исполнува Д. Брубек<br>https://www.youtube.com/watch?v=vmDDOFXSgAs |
| **7.** | **Жанрови RnB, хип-хоп и рап** |
| **7.1.** | **RnB** |
| | **-„Diamonds“/„Дијаманти“** - Rihanna/ исполнува Риана<br>https://www.youtube.com/watch?v=lWA2pjMjpBs<br>**-„Your Song“/„Твоја песна“ –** R. Ora / исполнува Р. Ора<br>https://www.youtube.com/watch?v=i95Nlb7kiPo<br>**-„Bonbon“/„Може може“, E. Istrefi /Е. Истрефи**<br>https://www.youtube.com/watch?v=cedoBlUvBlI |

| | |
|---|---|
| **7.2.** | **хип-хоп** |
| | -**„Jump“**- K. Kross **/ „Скокај“** исполнува К. Крос<br>**https://www.youtube.com/watch?v=010KyIQjkTk** |
| **7.3.** | **Рап** |
| | -**„Prince Igor“** - Warren G **/„Принц Игор“** исполнува В. Џи (Тема од операта „Кнез Игор“ на Бородин)<br>**https://www.youtube.com/watch?v=N__bE-IU4zQ** |
| **8.** | **Жанрови Rock and roll и ПОП** |
| **8.1.** | **Rock and roll** |
| | -**„The Final Countdown“** – Europe/**„Последно одбројување“** исполнува Европа<br>https://www.youtube.com/watch?v=9jK-NcRmVcw&index=11&list=RDQMoRQgXn2bmgw |
| | -**„Сакај ме“** исполнуваат Битлси<br>https://www.youtube.com/watch?v=h-2QtmluZQU&index=33&list=PL9-cZf_sidpnrpRDlmAiLJaFtzHpD7aFY |
| **8.2.** | **ПОП** |
| | -**„Angels“** - Robbie Williams/**„Ангели“** исполнува Робин Вилијамс<br>https://www.youtube.com/watch?v=luwAMFcc2f8 |
| **9.** | **Фолклорна музика во модерни стилови** |
| | -**„Твојте очи Лено“** исполнува Баклава<br>https://www.youtube.com/watch?v=T03dEOVScMU<br>-**„Јовано, Јованке“** исполнуваат В. Стефановски и М. Тадиќ<br>https://www.youtube.com/watch?v=kyFwwIHw6nw<br>-**„Градел Илија манастир“** исполнуваат браќата Тавитјан и С. Четковоќ<br>https://www.youtube.com/watch?v=sCO6NrDMuwY<br>-**„Ја излези Ѓурѓо“** - Next Time<br>https://www.youtube.com/watch?v=12pu3mmZD_A<br>-**„Учи ме мајко карај ме“** исполнуваат В. Стефановски и М.Тадиќ<br>https://sosiski.com/post/rWa-BoInkJA/<br>-**„Јовано Јованке“** исполнува Тоше Проески<br>https://sosiski.com/post/UaywpCZBIhI/tose-proeski-jovano-jovanke-the-best-version/ |

**-„Ој девојче“** исполнуваат Т. Проески и група Синтезис
https://www.youtube.com/watch?v=z6yAnPOjnGc
**-„ Iso polifonik “/„Исо полифонија“-** R. Bisha
https://www.youtube.com/watch?v=bhYH4-___VM
https://www.youtube.com/watch?v=DIlaI-s4JEA
**-„Ballkaneze“ – E. Zari/„Балкански“ – Е. Зари**
https://www.youtube.com/watch?v=v7U4I_szuH8
**-„Dzelem, dzelem“ - „Erdelezi“/Џелем, џелем“-„Ерделези“ сплет напеви**
Gipsy Casual - Djelem Djelem & Sa O Roma Dae (Cover Song)
https://youtu.be/lWjFBsOrf7o,
**-„Заспо Јанко“** исполнува М. Џачиќ
https://youtu.be/hCibgrsZeBI
**-„TRAG“ - „ Mesečina“**
https://www.youtube.com/watch?v=XoMGYa_vRhs
- **Kafu mi draga ispeci**, Amira Medunjanin i Ante Gelo uz gudački kvartet Libra
https://youtu.be/0HU1x3Qfgys
-„**MOJ DILBERE“/„Мој дилбере“** исполнува А. Медуњанин
https://youtu.be/0HU1x3Qfgys
**-„Ma fakut muma frumose“** исполнува Б. Крстиќ
**https://youtu.be/PG0WW4nLfi4**
**-,,İki Keklik’’/„Две еребици“**,исполнува O. Hakalmaz/О. Хакалмаз
https://www.youtube.com/watch?v=a5r0XDIjlzw
**- ,,Gesi Bağlarında Dolanıyorum’’/,,Шетајќи низ лозјата во Геси’’,** исполнува Burçin/Бурчин
https://www.youtube.com/watch?v=-FKfIViS6AA
**-,,Yeşil Ördek Gibi Daldım Göllere’’ /„Како зелена патка се занесов во езерата“**, исполнува M. Ersoy/М. Ерсој
https://www.youtube.com/watch?v=AMwdX8Geekc
**-,,Ben Seni Sevdiğimi Dünyalara Bildirdim’’/„Мојата љубов кон тебе на цел свет ја искажав“**,исполнува К. Којунџу & Ш. Сам/Kazım Koyuncu & Şevval Sam
https://www.youtube.com/watch?v=UsNcW4EYphE
**-,,Leylim Ley’’/,,Лејлим Леј’’**- Zülfü Livaneli/Зулфу Ливанели, исполнува H. Şenlendirici/Х. Шенлендириџи
https://www.youtube.com/watch?v=hmXmA5GW1bI
**-,,Sarı Gelin’’/„Жолта невеста“**, исполнува Y. Bingöl/Ј. Бингол
https://www.youtube.com/watch?v=FvwUwTbm_xw

| | |
|---|---|
| | **- „Potpuri“ /„Потпури“ Yllka Kuqi & Ylli Demaj – И. Куќи и И. Демај**<br>https://www.youtube.com/watch?v=W7D7JVMa6bk<br>**-„Po te pres akoma“/„Сеуште те чекам“,** S. Jetishi / Ш. Јетиши<br>https://www.youtube.com/watch?v=KWV991nyvFI<br>**-„Çka më ka syri“ /„Што имам во окото“,** Elita 5 – Елита 5<br>https://www.youtube.com/watch?v=ZMM6kEho22U<br>**-„Moj e mira te pojata /„ Убавата кај Појата“,** H. Misini-X. Мисини<br>https://www.youtube.com/watch?v=QTDzzBf9xfQ |

| | |
|---|---|
| **ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ** | Наставните содржини по предметот музичко образование во IX (деветто) одделение на деветгодишното основно образование овозможуваат интегрирано внатрешно планирање помеѓу наставните теми, како и надворешно планирање со други наставни предмети.<br><br>Наставната тема „Изведбени активности“ се состои од пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење внатрешно интегрирани меѓу себе. Со тоа се овозможува многу полесно изведување и реализирање на предвидените наставни содржини. Програмата предвидува и можност учениците да се запознаат со песни на македонски јазик и на јазиците од другите народи кои живеат во нашата држава преку пеење, свирење и музичко изразување. Во прилог на програмата е дадена листа на песни (по слух и ноти) од кои наставникот прави избор за да ги реализира во текот на годината. Наставникот избира песни на јазикот на кој ја реализира наставата. Во втората наставна тема „Слушање музика“ посочени се музички дела од различни автори, земји, епохи и стилови (види Прилог кон програмата) од кои наставникот може да прави избор според интересот и потребите на учениците. Третата наставна тема ги продлабочува знаењата од претходните одделенија и воведува нови содржини од областа на музичката писменост. Четвртата тема ги запознава учениците со обичаите на македонскиот народ и народите кои живеат во нашата држава, како и со примената на народната музика во модерните музички жанрови. Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет музичко образование треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднувањето на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес. Планирањето на наставата по музичко образование треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите теми. При реализацијата на наставната програма по музичко образование, наставникот треба да го наградува ученикот со мотивирачки зборови, бидејќи се работи за наставен предмет каде ученикот треба да поседува и талент. |
| **Оценување на постигањата на учениците** | **ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ**<br>На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови и усни прашања. Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализација на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година. |

| | |
|---|---|
| | **ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**<br>Во текот на наставата по музичко образование во шесто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период.<br>Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:<br>• разговори наставник/ученик;<br>• усни презентации;<br>• домашни работи;<br>• собирање на детски изработки, творби, искази и сл. од учениците.<br>• детски изработки, творби, искази и сл. треба, во текот на целата година, да им се достапни на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата.<br>• селектирани изработки, творби, искази и сл. се пренесуваат во наредното, повисоко одделение.<br>**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**<br>Врз основа на формативното оценување се формираат сумативни бројчани оценки. Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со две оценки во текот на едно полугодие, а се утврдуваат со полугодишни и годишни оценки. Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5).<br><br>НАПОМЕНА: Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик. Континуирано ги следи, проценува и оценува активностите, креативноста на ученикот и инплементацијата на неговите знаења, однесувањето на ученикот и постигнатите резултати во областа на знаењата и умеењата и позитивните промени во карактерот на личноста на ученикот. За проверка на постигањата на резултатите од учење ќе се користат усни и писмени проверувања, наставни листови (проверка на тема) и други средства, постапки и методи, пр. инструменти за вреднување (чек листи, дескриптивна скала, аналитичка и др.), повратна информација (усна и писмена) и сл. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставата по музичко образование неопходно е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства како и опремен музички кабинет со следните наставни средства: музички систем, телевизор, ДВД, компјутер со соодветни програмски пакети со музички програми, Smart – табла, фонотека (збирка на аудио-видео ЦД), детски музички инструменти и др. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и други институции) каде учениците ќе посетуваат |

| | |
|---|---|
| | настани: концерт, опера, балет и други музички настани. Пример: посета на Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Националната установа Ансамбл за народни игри и песни „Танец“, културно-уметнички друштва и други културни установи. |
| **Литература и други извори** | За реализација на наставната програма неоходни се:<br>1. учебник одобрен од министер за образование и наука;<br>2. музички лексикони;<br>3. музички енциклопедии;<br>4. збирка на вокално-инструментални композиции или поединечни партитури;<br>5. збирка на народни песни и ора;<br>6. друг вид литература која е од значење за реализација на програмата;<br>7. Интернет, музички софтвери. |

## НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по предметот *музичко образование* може да ја изведува лице кое завршило:
- студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII/1 или 240 ЕКТС;
- студии по музичка уметност, други оддели, VII/1 или 240 ЕКТС, и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

## ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување: 1.9.2019 година**

## ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **музичко образование** за IX (деветто) одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

**Број 12-5385/1**
**10.5.2019 година**

**МИНИСТЕР,**

________________________

**Dr. Arbër Ademi**

Изготвил: работна група, координатор д-р Анкица Витанова, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор